ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

**Број:** 04-1057/7
**Датум:** 21.11.2023

Врз основа на член 9 став (1) точка 12 од Закон за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр. 66/2010, 145/2010, 12/2014, 43/2014, 154/15, 192/15, 27/2016 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21) и член 8 став 13 од Колективниот договор за вработените во Државниот завод за ревизија број 01-690/1 од 03.06.2021 година, а во врска со Извештај број 04-1084/2 од 20.11.2023 година за спроведена селекција за унапредување на државен ревизор за работно место Ревизор за ревизија на јавните претпријатија основани од централната власт, донесен од Комисијата за селекција за унапредување формирана со решение заведено под број 04-1084/1 од 10.11.2023 година, по објавен Интерен оглас за унапредување заверен под број 04-1057/2 од 08.11.2023 година, Главниот државен ревизор донесе:

**ОДЛУКА**

**За избор на кандидат за унапредување на работно место Ревизор за ревизија на јавните претпријатија основани од централната власт со шифра на работно место РЕВ 01 01 В03 001**

1. По спроведената постапка за селекција за унапредување на еден кандидат на работно место **Ревизор за ревизија на јавните претпријатија основани од централната власт со шифра на работно место РЕВ 01 01 В03 001**, по Интерен оглас заведен под број 04-1057/2 од 08.11.2023 година, се избира кандидатот Славица Маневска.

2. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и истата се објавува на интернет страницата на Државниот завод за ревизија и на огласната табла на Државниот завод за ревизија.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Во врска со реализација на Годишниот план за вработување за 2023 година на Државниот завод за ревизија и претходно добиено Известување за обезбедени средства во буџетот на Државниот завод за ревизија за унапредување број 47-831/3 од 21.08.2023 година, објавен е Интерен оглас за унапредување заверен под број 04-1057/2 од 08.11.2023 година, за унапредување на еден кандидат на работно место Ревизор за ревизија на јавните претпријатија основани од централната власт со шифра на работно место РЕВ 01 01 В03 001.

Согласно Извештај број 04-1084/2 од 20.11.2023 година за спроведена селекција за унапредување на државен ревизор за работно место Ревизор за ревизија на јавните

претпријатија основани од централната власт, донесен од Комисијата за селекција за унапредување формирана со решение заведено под број 04-1084/1 од 10.11.2023 година за работното место за кое е објавен интерниот оглас, вработената Славица Маневска, која ги исполнува општите и посебните услови за работното место, и ги дала потребните одговори на поставените прашања на интервјуто одржано на 20.11.2023 година, по што Комисијата поднесе предлог до Главниот државен ревизор за донесување Одлука за избор на вработената Славица Маневска за унапредување на наведеното работно место.

Во согласност со член 8 став 13 од Колективниот договор за вработените во Државниот завод за ревизија, Главниот државен ревизор ја донесе оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација – Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во Втор степен, во рок од 8 (осум) дена сметано од денот на доставување на Одлуката до кандидатите и објава на веб страната на Државниот завод за ревизија .

**Главен државен ревизор,**

**М-р Максим Ацевски**

Изработил: М-р Весна Богдановиќ
Одобрил: М-р Александар Поповски